**<u>Активирање на профил во Microsoft Teams</u>**

Најавете се во iKnow системот. На страницата со вашите лични податоци, во зеленото поле во долниот дел можете да го видите вашето корисничко име во Microsoft Office 365 (Microsoft Teams) платформата. Корисничкото име најчесто е во формат **<u>ime.prezime@students.fdtme.ukim.mk</u>** (понекогаш корисничкото име може да има форма **<u>ime.prezime.1@students.fdtme.ukim.mk</u>**, или друг број, во ситуации кога постојат два или повеќе студенти со идентично име и презиме),

Одјавете се од iKnow системот.

Во пребарувач отворете ја страницата 'servisi.ukim.mk/login'

Изберете ја опцијата 'Заборавена лозинка'

Внесете го корисничкото име (во случајот **<u>ime.prezime@students.fdtme.ukim.mk</u>**) и кликнете 'Прати линк'.

Проверете ја вашата електронската пошта (адресата што ја користите за најава на iKnow системот. Треба да добиете порака со линк за промена на лозинката.

Внесете ја лозинката два пати. Лозинката треба да биде долга најмалку 8 карактери, да содржи барем една голема буква, барем една мала буква, барем една бројка и барем еден знак.

Профилот е активен.

----------------------------------------------------------------------

**Инсталација на платформата Microsoft Teams**

Инсталацијата на платформата Microsoft Teams се врши преку следниот линк:

https://www.microsoft.com/en-ww/microsoft-365/microsoft-teams/download-app

По инсталацијата, на десктопот се појавува икона за стартување. По стартување треба да се внесе корисничкото име (**<u>ime.prezime@students.fdtme.ukim.mk</u>**) и лозинката. Апликацијата автоматски ќе ве препрати на порталот servisi.ukim.mk, за внесување на лозинката.